# 38 ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ
# - АМАТЕРИ -
# ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## МАЈ - 1999



*Лазо Младеновски - награда за сликарство - успешна копиа - од КИЦ*

КУЛТУРНО-ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

*Изложбата Ликовни уметници -аматери од Р. Македонија е традиционална и истата има за цел да го прикаже развојниот пат на аматеризмот, стимулативно да делува на самоуките талентирани творци и воедно да им овозможи да излезат од рамките на анонимноста, а ликовната публика поблиску да се запознае со нивните ликовни дострели, тенденции и афинитети кон различните ликовни дисциплини и техники.*

*Изложбата Ликовни уметници - аматери, Културно информативниот центар - Скопје за првпат ја организираше 1959 година и оттогаш па се до денес бројот на учесниците континуирано се зголемуваше, но не само во однос на континуитетот, туку и на квалитетот. Успесите што се постигнуваат во областа на аматеризмот се резултат на перманентно работење на ликовните клубови при домовите на културата, училиштата, како и индивидуално творење кај поединци. Некои од овие ликовни творци заради својот исклучителен талент беа членови на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Повеќето од нив, освен групни имале и свои самостојни изложби.*

*На годинашната XXXVIII по ред традиционална изложба учествуваат 26 автори со исто толку дела. Експонатите се дела на аматери од различни возрасти, од ученици до пензионери со различна професионална определеност. Застапени се ликовните дисциплини - сликарство, скулптура и сликарските техники: масло, акварел, пастел, темпера и молив. Мотивите се различни (пејсажи, портрети, мртва природа, архитектура, цвеќе, како и апстрактни композиции) работени искрено, непосредно, без големо психолошко оптеретување за ликовен престиж. Иако се ова е во рамките на чистиот ликовен аматеризам, кај поединци се забележува постудиозен приод во смисол на ликовно компонирање на делото. Во духот на традицијата и годинава беа доделени три награди од организаторот -КИЦ- Скопје и две награди од Домот на културата "Кочо Рацин" - Скопје*

*Културно - информативен центар*



***Јован Сантовски - награда за сликарство од КИЦ***

## ***УЧЕСНИЦИ***

***1. Ацо Апостоловски*** *-*
*- "Пејсаж", масло, 1999*
***2. Марија Банџур*** *-*
*- "Мајка Божја", масло, 1998*
***3. Стево Босилковски*** *-*
*- "Зима", масло, 1997*
***4. Стојна Василева*** *-*
*- "Пејсаж", масло, 1998*
***5. Даниела Мицевска Зафировска*** *-*
*- "Ктитор", батик, 1998*
***6. Ана Илиева*** *-*
*- "Портрети", молив, 1998*
***7. Панче Илиев*** *-*
*- "Портрети", акварел, 1998*
***8. Драган Ивановски*** *-*
*- "Мртва природа", масло, 1999*
***9. Филип Ивановски*** *- "Љубов моја", "Девојката со книга", "Св.Климент Охридски", "Борачи", гипс - 1997 и 1998*
***10. Марија Јовановска*** *-*
*"Пат кон Кале", масло, 1999*
***11. Михаела Јовановска*** *-*
*- "Импресија", темпера, 1999*
***12. Игор Костов*** *-*
*- "Асамара", темпера, 1997*
***13. Радослав Кочовски*** *-*
*- "Св. Димитеија", темпера на дрво, 1999*
***14. Фимка Клетникова*** *-*
*- "Стомна, книга и јаболки", акварел, 1995*
***15. Валентина Мешкоска*** *-*
*- "Тикви", масло, 1998*
***16. Лазо Младеновски*** *-*
*- "Светото семејство", масло, 1998*
***17. Јелица Николова*** *-*
*- "Пејсаж", темпера на лејка, 1999*
***18. Негосава Овезовска*** *-*
*- "Мотив од Бистрица" , масло, 1998*
***19. Калинка Пајванска*** *-*
*- "Мртва природа", масло, 1999*
***20. Захарија Пејковиќ*** *-*
*- "Љубовни приказни", масло, 1999*
***21. Јован Сантовски -***
*- "Мојата стара соба", масло, 1989*
***22. Маја Деспотовска Саридис*** *-*
*- "Москва", батик, 1990*
***23. Виолета Сантовска*** *-*
*- "Мотив од Водно", акварел, 1978*
***24. Божидар Спасоско*** *-*
*- "Мртва природа", масло, 1999*
***25. Горанче Тошевски*** *-*
*- "Долап", масло, 1999*
***26. Елена Чочковска*** *- Ели -*
*- "Коњи", масло, 1996*



**Валентина Мешкоска - награда за сликарство од Домот на културата "Кочо Рацин" Скопје**



Маја Деспотовска - награда за сликарство - работа на батик - од КИЦ и Домот на културата "Кочо Рацин" - Скопје

Издавач: Куктурно информативен центар - Скопје
за издавачот: Љупчо Маленков
фотографии: Станко Неделковски
дизајн: DE STILL
печати: Графотраде
тираж: 300